# СТРАХИЛ ПЕТРОВСКИ
# STRAHIL PETROVSKI

# „КРАЈ НА ВЕКОТ” РЕД • ХАОС - ХАОС • РЕД

МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ



THE MUSEUM OF THE CITY OF SKOPJE

# “THE END OF THE CENTURY“ ORDER • CHAOS - CHAOS • ORDER



Темен објект во форма на грчки крст (500 x 500 x 30 см.) во кој квадратите меѓу неговите краци се исполнети со колажи од репродукции од средновековни икони и фреско живописи. Преку сите делови на делото прострена е проѕирна, црна, свилена ткаенина чиј пад јасно ги обележува ивиците на крстот и дополнително создава одредена оптичка игра (во деловите со колажирани квадрати) кои се видливи или не, во зависност од позицијата од која ги набљудуваме. Тоа е единствениот изложен предмет во просторијата, а осветлен е само со еден светлосен извор.

Описот воглавно може да нé упати кон основните тенденции и претпоставки кои ги употребува Страхил Петровски реализирајќи го овој проект. Во иницијалната побуда, врз која тој подоцна ќе комбинира со одредени наративни постапки, веројатно се наоѓа намерата за создавање на примарни форми кои ќе произлезат од разработката на квадратот кој може да се најде и во неговите поранешни дела.

Значи, применет е еден мобилен, комбинаторен метод кој делото го остварува во процесот на спојување, односно "градење" со делови. Во конечната форма мора да е присутна информацијата за квадратот. Изложениот објект треба да оствари силна присутност во просторот што дополнително упатува кон одреден минималистички предзнак кој што влијае врз целиот проект.

Но "Крајот на векот ..." не е концепт кој сака да прифати стабилни (еднозначни) јазички системи. Претпоставувам дека е во прашање токму спритивното - во одредена структура која е лишена од секаков вид на нарација, која која својата стратегија ја остварува во идејата за примарните форми, да се вметне некоја прикаска, некој став, некој ангажман. Во својата завршница, делото (како и во повеќе случаи од нашата актуелна ликовна сцена) свесно поседува одредена нестабилна, лизгава структура која не сака да се лоцира или да се изјасни за некои фиксирани јазички стратиграфии. Впечаток е дека со овој проект Петровски се определува за спојување или преклопување на точките или позициите кои се најповеќе оддалечени една од друга. Тоа не е присутно само во спојувањето на примарните форми и нарацијата. Оваа работна претпоставка, како што ќе видиме подоцна, е присутна во повеќе идеи со кои се гради "идејата" на објектот.

Во друга просторија поставени се пет крста : три објекти на подот, еден крст во вертикална позиција и еден, како слајд-проекција, во длабочината на просторијата. Споменатиот број 5 го повторува бројот на елементите (деловите) од секој објект, а сите тие во просторот се поставени по центарот на издолжениот правоаголник на галеријата. Осветлувањето е пригушено - доаѓа од двата вертикални крста.
По површината на објектите, на различни начини се нанесени (или се на некој начин инсталирани) најразлични детали, артефакти, симболи од секојдневието. Тие се присутни како референца на минливоста,на еднократната употреба, на масовната потрошувачка, како наша дневна знаковна екологија. Селекцијата во изборот е условена од интензитеттот на густината на значењето кое тие го поседуваат. Појавувањето на некои личности најчесто е поврзано со нивната присутност во општата иконосфера. Во овој метод сите знаци имаат ист интензитет, без разлика што или кого репрезентираат.

Врз еден легнат крст поставени се два одвиени ротулуси на кои се одпечатени страници од дневен весник. Петровски сака да експериментира со парадокси : во просторот во кој се пишуваат енигматични тајни за некои основни прешања тој (тоа е примерот со кој сакав да ја илустрирам тезата за преклопување на крајностите) вметнува општопознати работи лишени од секаква мистика. На еден ист простор постојано се менуваат светото и профаното.

Целиот проект е под доминантното чувство за крајот - крајот на векот, крајот на милениумот, крајот на историјата, крајот на уметноста, религијата итн. Самиот Петровски своето образложение за овој проект го започнува со цитат од Арнолд Гелен : "Отсега веќе не постои развој што е иманентен на уметноста ! Една колку - толку логична историја на уметноста е завршена и тоа што сега доаѓа веќе постои ...".

Асоцијативно пренесена на овој проект, оваа реченица на Гелен добива пластичен еквивалент во свилената ткаенина (спомената на почетокот од текстов) која како некој милениумски "покров" прекрива една идјеа за историјата и за уметноста

Лазо Плавевски


ДВАЈЦА ВОЗРАСНИ МАЖИ
СИЛУВАЛЕ 12-ГОДИШНО ДЕВОЈЧЕ
МИСТЕРИОЗНО
ТРУЕЊЕ НА
БРАЧНА ДВОЈКА
МОМЧЕ СО
ЛОВЏИСКА ПУШКА
УБИЛО ТРОЈЦА И
ПЕТМИНА ТЕШКО
РАНИЛО

Dark object in a shape of a Greek cross (500 x 500 x 30 cm.), wherein the squares formed by its protruding limbs are filled with collages composed of prints representing medieval icons and frescoes. All over the elements of this work a black transparent silk fabric is distended whose creases and folds closely follow the edges of the cross, thus additionally creating certain optical play (in parts containing the collage squares) visible or not - depending on our view point. It is the only object which is displayed in the room, lighted by single light source.

The description may generally direct us to the basic aims and assumptions that Strahil Petrovski relies upon in carrying through this project. The initial motivation, upon which he later expands particular narrative procedures, is the point for his creating primary forms that will emerge from further elaborating the square already present in his work.

So, a mobile, combined method is applied - the one that produces the work through a process of adjoining, that is, "building" with parts. In its final shape, it must contain the information on the square. The exhibited object is meant to effectuate strong presence in the space, which on its own part, indicates a particular minimalist mark influencing the project.

Yet, "The End of the Century ..." does not represent a concept open towards stable (definite) linguistic systems. I suppose that it is quite the contrary - in a particular structure deprived of any kind of narration, which realizes its own strategy through the idea of primary forms, the artist inserts a story, an attitude, a commitment. In its final stage, the work (as it the case in most of the examples from our art scene) willingly adopts a specific unstable, slippery structure that does not locate or plea about some fixed linguistic stratigraphic systems. It appears that by this project Petrovski adopts the manner of connecting or overlapping the points or the positions that are the farthest from one another. This is not the case only in the linking of primary forms and narration. This working hypothesis, as we shall see later on, is present in several ideas upon which the "idea" of the object is built.

In another room five crosses are set up: three objects on the floor, one vertically posted cross, and one casted from a transparency projector in the bottom of the room. The mentioned number five repeats the number of elements (parts) of each object, and they are all arranged along the central ax of the rectangle of the gallery. The light is subdued - it comes from the two vertical crosses.

Over the objets' surfaces in various ways are applied (or somehow installed) miscellaneous details, artifacts, symbols of the everyday life. These are present as a reference to the transitoriness, of one-shot usage, mass consumption, as the daily ecology of ours. The selection of the choice is conditioned by the level of semantic density that these elements possess. Certain personalities appear due to their place in the general iconosphere. Within this method all signs have the same intensity, regardless of what or who they represent.

Two unrolled scrolls containing printed pages from a newspaper are set over a cross resting on the floor. Petrovski likes to experiment with paradoxes: in the space where enigmatic, mysterious secrets are written referring the basic questions, he (this is the example I wanted to use to illustrate the thesis of overlapping of extremes) inserts commonplaces devoid of any mystique.
In one and same space intermittently the sacral and the profane are constantly shifting.

The entire project is dominated with a feeling of the end - end of the century, end of the millennium, end of history, end of art, religion etc. Petrovski himself begins his review of the project by quoting Arnold Gelen: "From now on there is no development that is immanent to art! One, more or less logical, history of art is completed and what is coming now already exists ..."

Transposed by association to this project, Gelen's sentence acquires its plastic equivalent in the silk cloth (mentioned at the beginning ) which as a millennial "covering" veils an idea on the art history.

Lazo Plavevski





## СТРАХИЛ ПЕТРОВСКИ

Роден 1974 година во Куманово.
Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности - Скопје во 1997 година, на сликарскиот оддел, во класата на ред. проф. Родољуб Анастасов, а постдипломски студии завршил во 2000 год на ФЛУ-Скопје под менторство на ред. проф. Родољуб Анастасов.
Член на ДЛУМ од 1997 година.

Адреса : "Моша Пијаде" бр. 14/ 7, Куманово, Р. Македонија.

Тел : 0901/ 27- 676; 0901/ 32- 414
моб. тел : 070/ 258-962

### творечко - ликовни активности

**Самостојни изложби**

1997, Куманово, Уметничка галерија-Народен Музеј, Куманово (слики и цртежи).
2001, Скопје, Музеј на Град- Скопје (инсталација).
2001, Куманово, Уметничка галерија-Народен Музеј, Куманово (инсталација).

**Групни изложби**

1994, Скопје, Сули-ан, Изложба на студенти на ФЛУ.
1995, Скопје, Сули-ан, Фондација од семејството на проф. Борко Лазески.
1995, Неготино, Музеј град Неготино, Слики од ликовната колонија во Демир Капија.
1995, Тетово, Музичко училиште, Изложба на студенти на ФЛУ.
1996, Скопје, Сули-ан, Фондација од семејството на проф. Борко Лазески.
1997, Скопје, Музеј на град Скопје, СИАБ- 3, студентско интернацион. арт биенале.
1997, Куманово, Уметничка галерија Народен Музеј, Кумановски ликовни уметници.
1998, Скопје, Уметничка галерија Даут Пашин Амам, ДЛУМ (Зимски Салон 7).
1998, Куманово, Уметничка галерија, Народен Музеј-Куманово, Слики од ликовната колонија Куманово "98.
1998, Куманово, Уметничка галерија , Народен Музеј, Кумановски ликовни уметници.
1998, Скопје, Дом на Арм, Дипломирани студенти на ФЛУ, генерација 1997/ 98.
1998, Скопје, Ликовен салон на ДЛУМ, Македонско ликовно творештво-мал формат.
1999, Скопје, ДЛУМ, НУБ. "Св. Климент Охридски"- ДЛУМ цртеж "98.
1999, Куманово, Уметничка галерија, Народен Музеј-Куманово, ДЛУМ цртеж "98.
1999, Штип, Музеј и Завод, Штип, ДЛУМ цртеж "98.
1999, Скопје, Уметничка галерија, Даут Пашин Амам, ДЛУМ (46-та Ревијална годишна изложба).
1999, Грција, Самотраки, Слики од ликовната колонија, Самотраки "99.
1999, Скопје, Ликовен салон на ДЛУМ, Македонско ликовно творештво-мал формат.
2000, Скопје, ДЛУМ, НУБ. "Св. Климент Охридски"- ДЛУМ цртеж "99.
2000, Куманово, Уметничка галерија Народен Музеј -Куманово, ДЛУМ цртеж "99.
2000, Штип, Музеј и Завод, Штип, ДЛУМ цртеж "99.
2000, Скопје, Музеј на Современа Уметност- Скопје, ДЛУМ-Биенале.
2000, Скопје, Музеј на град Скопје, СИАБ- 4 студентско интернационално арт биенале.
2000, Горњи Милановац, Културен Центар, шесто меѓународно биенале на минијатурата.
2000, Скопје, Галерија на ДЛУМ, ДЛУМ - пејзаж "00.
2000, Куманово, Уметничка галерија, Народен Музеј, Кумановски ликовни уметници.
2000 , Скопје, Културно Информативен Центар, Кумановски ликовни уметници.
2000, Скопје, Музеј на град Скопје, ДЛУМ (47-ма Ревијална годишна изложба).
2000, Скопје, Ликовен салон на ДЛУМ, Македонско ликовно творештво - мал формат.
2001, Скопје, ДЛУМ, НУБ. "Св. Климент Охридски", ДЛУМ -цртеж "00.
2001, Куманово, Уметничка галерија, Народен Музеј -Куманово, ДЛУМ -цртеж "00.
2001, Штип, Музеј и Завод, Штип, ДЛУМ -цртеж "00.

**Учество на ликовни колонии**

1995, Демир Капија - Студентска ликовна колонија.
1998, Куманово - Ликовна колонија Куманово "98.
1999, Грција, Самотраки -Меѓународна ликовна колонија Самотраки "99.

**Јавни изведби**

Во текот на студиите, 1996 година по предметот сликарски техники, а под раководство на ред. проф. Момчило Петровски и ред. проф. Родољуб Анастасов, изведов околу 1м фреска во техника "fresco-seco" во просторот на Педагошкиот Факултет - Скопје.

**Научно - истражувачка активност**

Учествував во реализацијата на првиот научно-истражувачки проект под скратениот наслов "БРЕСТАЛ ", со кој материјал експериментирав, и го применував за време на редовните студии, а подоцна и како постдипломец за изработка на ликовни дела, во рамките на моето творештво.

**Награди**

1997, Скопје, Музеј на Град Скопје СИАБ - Пофалница од Меѓународното жири на СИАБ "97.
1999, Скопје, НУБ. "Св. Климент Охридски"- ДЛУМ цртеж "98, Откупна награда од НУБ. "Св Климент Охридски".
2000, Скопје, Музеј на град Скопје, ДЛУМ (47- ма Ревијална годишна изложба), награда Димитар Кондовски за сликарство.

Проектот (инсталација) "КРАЈ НА ВЕКОТ"- РЕД / ХАОС, ХАОС / РЕД - (принцип на субјективен дуализам или синтеза на спротиставени вредности) го сочинуваат 5 - објекти, од кои едниот објект е со димензии (500 x 500) x 30 см.- поставен на под, останатите 3 - објекти се со димензии (300 x 300) x 30 см.- поставени на под , а ѕидно поставениот објект е со димензии (300 x 300) x 7 см.
Она што ги поврзува сите објекти е формата на крстот.
Материјалот кој е употребен во процесот на создавање на објектите е разновиден по состав и истиот кореспондира со основната идеја на проектот, но и во зависност од решението на ликовниот проблем (на секој објект поединечно). Се состои од: дрво, лесонит, памучно платно, користени оффсет - плочи, стакло, нитни, лепак, полимер, синтетички емајл, транспарентна фолија, x-ray филмови, маркизет, репродукции, компјутерски фотографии.
Проектот е реализиран во периодот од 1999 до 2000 година.


BEKOT

## STRAHIL PETROVSKI

Born in Kumanovo (R.Macedonia) 1974. Graduated on the Faculty of Fine Arts in Skopje in class of Prof. Rodoljub Anastasov,1997. Faculty of Fine Arts in Skopje, MA 2000. Member of DLUM (The Macedonian Association of Fine Artists) since 1997.

Address: "Mosa Pijade" 14/7, Kumanovo, Republic of Macedonia.
tel: 389.901/27-676 ; 389.901/32-414
mob.tel: 070/258-962
e/mail:strahilpetrovski@hotmail.com

**Solo Exhibitions:**

1997 - Kumanovo, Art Gallery-National Museum (paintings and drawings)

2001 - Skopje, Museum of the City of Skopje,(project::THE END OF THE CENTURY, order/chaos, chaos/order - instalation)
- Kumanovo, Art Gallery-National Museum,(project :THE END OF THE CENTURY, order/chaos/,chaos/order - installation)

**Group Exhibitions:**

1994 - Skopje, Suli-an, FFA Student's Exhibition
1995 - Skopje, Suli-an, Prof.Borko Lazeski Family Foundation
- Negotino, Museum of the City of Negotino - Demir Kapija, Art Workshop Paintings
-Tetovo, Music School, FFA Student's Exhibition
1996 - Skopje, Suli-an, Prof.Borko Lazeski Foundation
1997 - Skopje, Museum of the City of Skopje, SIAB - III Student International Art Biennial
- Kumanovo, Art Gallery-National Museum, Artists from Kumanovo
1998 - Skopje, Art Gallery "Skopje"- Daut Pasha Hamam, DLUM-VII Winter Salon
- Kumanovo, Art Gallery-National Museum, Kumanovo Art Workshop Paintings "98
- Kumanovo, Art Gallery-National Museum, Artists from Kumanovo
- Skopje, Army House, Students from FFA generation of 1997/98
- Skopje, DLUM (The Macedonian Association of Fine Artists), Paintings - Small Format
1999 - Skopje, National and University Library "St. Kliment Ohridski", DLUM - Drawing"98
- Kumanovo, Art Gallery-National Museum, DLUM - Drawing"98
- Stip, Museum and Institution, DLUM - Drawing"98
- Skopje, Art Gallery "Skopje"- Daut Pasha Hamam, DLUM (46 th Annual Exhibition)
- Greece, Samothrace, II nd Interbalkan Symposium of Fine Arts Creation
- Skopje, DLUM, Paintings-Small Format
2000 - Skopje, National and University Library "St. Kliment Ohridski", DLUM - Drawing"99
- Kumanovo, Art Gallery-National Museum, DLUM - Drawing"99
- Stip, Museum and Institution, DLUM - Drawing"99
- Skopje, Museum of Contemporary Art - Skopje, DLUM - Biennial
- Skopje, Museum of the City of Skopje, SIAB - IV th Student International Art Biennial
- Gornji Milanovac, Cultural Centre, VI th International Biennial of Small Format
- Skopje, DLUM, Landscape"00
- Kumanovo, Art Gallery-National Museum, Artists from Kumanovo
- Skopje, Cultural and Informative Centre, Artists from Kumanovo
- Skopje, Museum of the City of Skopje, DLUM (47 th Annual Exhibition)
- Skopje, DLUM, Paintings - Small Format
2001 - Skopje, National and University Library "St. Kliment Ohridski", DLUM - Drawing"oo
- Kumanovo, Art Gallery-National Museum, DLUM - Drawing"00
- Stip, Museum and Institution, DLUM - Drawing"00.

**Art Collonies:**

1995 - Demir Kapija, Student Art Collony
1998 - Kumanovo, Kumanovo Art Collony "98
1999 - Greece, Samothrace, I I nd International Art Collony-Samothrace "99

**Awards:**

1997 - Skopje, Museum of the City of Skopje, SIAB - III th; Inernational Gury SIAB"97 Award
1999 - Skopje, National and University Library "St. Kliment Ohridski", DLUM - Drawing"98; Purchased Award of National and University Library "St. Kliment Ohridski"
2000 - Skopje, Museum of the City of Skopje, DLUM (47 th Annual Exhibition); "Dimitar Kondovski" Award for Painting.

The project (installation), "THE END OF THE CENTURY" - ORDER/CHAOS, CHAOS/ORDER-(PRINCIPLE OF SUBJECTIVE DUALISM OR SYNTHESIS OF CONTRARY VALUES), consisits of 5-objects. One of the objects has dimensions (500x500)x30 cm and it's placed on the floor. The other 3-objects have dimensions (300x300)x30 cm and they're also placed on the floor, except the wall placed object with dimensions (300x300)x7 cm. The basic form on the objects is the symbol of the cross. The material used in the process is miscellaneous and correspodent with the basic idea of the project, but it also depends of the solution of the artistic problem,(separately on the every object). It consists of : wood, fibrewood, cotton, used offset-sheet, glass, rivets, glue, polymer, synthetic enamel, transparent foil, x-ray films, transparent silk, reproductions, computer photographies. The project was realised in the period from 1999 to 2000.


RINCIPLE-CHAOS-ORDER-SUBJECTIVEDUALISM
CHAOS-SYNTHESIS-ANALYSIS-ORDER-CHAOS-CONTR




Издавач: Музеј на град Скопје | Publisher: The Museum of the City of Skopje
Одговорен уредник: Ѓорѓи Чулаковски | Editor in Chief: Georgi Culakovski
Организација на изложбата: Лазо Плавевски | Organisation: Lazo Plavevski
Текст: Лазо Плавевски | Text: Lazo Plavevski
Превод на англиски јазик: Маја Хаџимитрова Иванова | Translation: Maja Hadzimitrova Ivanova
Дизајн: Тони Васиќ | Design: Toni Vasic
Фотографии: Гоце Солев | Photo: Goce Solev
Подготовка:Скенпоинт | Prepress: Skenpoint
Печат: Скенпоинт | Print:Skenpoint
Тираж: 500 | Copies: 500

Реализација: *Музеј на град Скопје, Р. Македонија, јануари 2001* Realisation: ***Museum of the City of Skopje, R. Macedonia, January 2001***

Изложбата е реализирана со поддршка на Министерството за култура на Република Македонија

**The exibition is supported by Ministry of Culture of the Republic of Macedonia**

**ISBN 9989-612-61-7**

РЕД.ХАОС.ХА АОС.ХАОС.РЕД
РЕД.ХАОС.ХА АОС.ХАОС.РЕД
РЕД.ХАОС.ХА АОС.ХАОС.РЕД
РЕД.ХАОС.ХА АОС.ХАОС.РЕД
РЕД.ХАОС.ХА АОС.ХАОС.РЕД
РЕД.ХАОС.ХА АОС.ХАОС.РЕД
РЕД.ХАОС.ХА АОС.ХАОС.РЕД
РЕД.ХАОС.ХА АОС.ХАОС.РЕД
РЕД.ХАОС.ХА АОС.ХАОС.РЕД
РЕД.ХАОС.ХА АОС.ХАОС.РЕД